# ДДДММ

Илинденска 5а 1300 Куманово
тел. +389(0)31 423-537, 070 31 36 48

**www.dentalmakedonija.org**
E-mail: stomatoloskozdruzenie@yahoo.com
dentalmakedonija@gmail.com

# СИМПОЗИУМ
## СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО:

**ДДДММ**
**Стоматолошко здружение на Македонија**

## "Современи концепции во дентална медицина"

## 03.03.2018
**Хотел КРИСТАЛ ПАЛАС**
**Прилеп**

Симпозиумите се акредитирани од стручната комисија на Стоматолошка Комора на Македонија со 8 бода за пасивно и 12 бода за активно учество

## ПРОГРАМА

**09.00-09.45 Регистрација на учесници**
**09.45-10.00 Отварање на симпозиумот**

**10.00-10.45 Проф. д-р. Дубравка Кнезовиќ Златариќ**



**Клиника за стоматолошка протетика, Стоматолошки факултет - Загреб, Р.Хрватска**

**"Естетска дентална медицина –определување на боја на заб"**

Бојата на природниот заб е комбинација од светлина што се рефлектира од површината на емајлот и онаа која продира и која се одбива од емајлот и дентинот. Постојат два начина на одредување на боја на забот. Едниот е субјективен со примена на различни клучеви за боја, а вториот е објективен со помош на употреба на дигитални апарати за одредување на боја на заб. Предавањето ќе се однесува на различни процедури за определување боја и протоколи на определување на боја со клучеви и дигитални уреди.

**10.45-11.20 Доц.Д-р.Маја Жагар**



**Клиника за стоматолошка протетика, Стоматолошки факултет - Загреб, Р.Хрватска**

**"VITA Assist, една програма - илјадници опции "**

Традиционално, со текот на годините, реставративната стоматологија се базираше на отстранување на кариесот и враќање во функција на оштетените заби, но во изминатата деценија оваа сосотојба драстично се промени. Пациентите денес не само што бараат враќање на функцијата, туку и естетиката на нивните реставрации, особено во естетската зона (горните предни заби).
VITA Assist е програм кој му овозможува и на пациентот да учествува во планирањето и дизајнот на нивниот иден естетски стоматолошки изглед, но исто така нуди и одлична врска помеѓу стоматологот и заботехничката лабораторија.

**11.20-12.00 Проф. д-р Ковачевска Гордана**



**Катедра за стоматолошка протетика, Стоматолошки факултет - Скопје, Р.Македонија**

**"CAD/CAM ПРОТЕТИЧКИ НАДОМЕСТОЦИ ВО ДЕТСКА/АДОЛЕСЦЕНТНА ВОЗРАСТ: естетика и функција"**

Со напредокот на CAD/CAM технологијата и новите материјали со високи естетски и механички особини може да се постигнат неверојатни резултати во денталната медицина. Важно е да се знае дека технологијата ни ги олеснува клиничките и лабораториските протоколи за рехабилитација, а докторите по дентална медицина при планирањето треба да знаат да одговорат на прашањата кога, како и зошто да пристапат за овој вид протетички надоместоци во секојдневната клиничка пракса во детската/адолесцентната возраст. Критериумот превенција при планирање за рехабилитација при трауми на забите во детската/адолесцентната возраст е клучен фактор за подобрување на квалитетот на живот, успехот и долгорочното дентално, орално и целосно здравје кај овие пациенти. Со оваа презентација ќе ги презентираме клиничките и лабораториските фази и протоколи за естетска и функционална рехабилитација со ПММА CAD/CAM алтернативен адхезивен протетички надоместок за реставрирање на изгубен и фрактуриран заб во долна фронтална регија како резултат на трауматска повреда, како минимално инвазивно, привремено или долгорочно надоместување во детска/адолесцентна возраст.

**12.00-12.30 Пауза**

**12.30-13.10 Доц.Д-р.Георги Илиев**



**Катедра по протетична дентална медицина, Факултет по дентална медицина, Софија, Р.Бугарија. Асоцијација Софија Дентал Митинг**

**"Дигитално планирање - од иницијален дизајн до предвидлив резултат "**

Целта на ова предавање е да се претстави нов дигитален протокол кој обезбедува важни упатства за тоа како личните особини и личните преференции на пациентот може да се пренесат во природни финални изработки кои се во согласност со психо-дентофацијалната хармонија на личноста. Презентацијата го објаснува целосниот дигитален протокол кој им овозможува на докторите да ги планираат, визуализираат и функционално тестираат креиранита дизајни кои обезбедуваат потполно дигитални 3D печатени модели, хируршки водичи и привремени конструкции за секој сложен естетски случај пред иреверзибилна стоматолошка процедура.

**13.10-13.35 Доц. Д-р. Катерина Златановска**



**Факултет за медицински науки - Дентална медицина, УГД Штип, Р.Македонија**

**"Естетски реставрации со порцелански фасети "**

Б лагодарение на исклучителната естетика, докажана биокомпатибилност и долгорочна прогноза, порцеланските фасети станаа рутинска реставративна процедура за третман на фронталните заби. Од механички аспект, пред да бидат цементирани порцеланските фасети се нежни и кршливи. По нивното фиксирање со композитен цемент ја добиваат потребната цврстина на притисок, свиткување и истегнување за да се спротивстават на мастикаторните сили, што ја гарантира нивната долга клиничка употреба. Покрај цврстината на материјалот, механичката отпорност на порцеланските фасети зависи и од препарациониот дизајн, и тие заедно би се спротивставиле на оклузалните и латералните сили при актот на мастикација.

**КОТИЗАЦИЈА: ----- 1500,оо ден.**

**за членови на ДДДММ со платена членарина за 2017 ----- 1400,оо ден.**

**Уплата со точно име и презиме и број на лиценца**
**530 0703019006-93 - Охридска Банка**
**Корисник: ДДДММ Куманово**
**Информации на тел: +389 70 211 864, 0389 70 313 648**

ВО СОРАБОТКА СО НАШИОТ ПАРТНЕР
**Medimak Skopje**
СПЕЦИЈАЛНИ ПОНУДИ ЗА СИТЕ СО ПЛАТЕНА КОТИЗАЦИЈА

LISTERINE
SOFIA DENTAL MEETING
27-30 септември 2018
www.sofiadentalmeeting.com

BLACK IS WHITE CURAPROX
VIK Dental
РАЛ Естетик Трејд